| - Постои големо задоволство кај учениците и родителите за одавањето признание од страна на наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд на учениците.<br>- За три ученика со посебни образовни потреби училиштето реализира организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење.<br>- Учениците од нашето училиште учествуваат на сите акредититрани натпревари според пропозициите на организаторите и постигнуваат високи резултати. |

| |
|---|
| **Слаби страни**<br>- Наставниците ги планираат воннаставни активности, но при планирањето на истите не се вклучени учениците.<br>- Училиштето планира активности за меѓуетничка интеграција во образованието, но вклучува само мал број на ученици при нивната реализација. |
| **Приоритети**<br>- Вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности во училиштето.<br>- Креирање постапки за информирање и мотивирање на ученици за учество во активности меѓуетничка интеграција во образованието. |

## Анкета со наставен кадар

**(анкетирани се 39 наставници)**

**1.1 Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата**




**1.2 Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието**




**1.3 Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет**




**1.4 Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието**



1.5 Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците




1.6 Во наставата користам различни ресурси за учење и настава




1.7 Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми




1.8 Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе



**1.9 На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив**




**1.10 Кон учениците се однесувам со почитување**




**1.11 Ги разбирам проблемите и потребите на учениците**




**1.12 Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор**



**1.13 Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план**




**1.14 Успешно соработувам со образовните асистенти**




**1.15 Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати**




**1.16 Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд**



**1.17 На учениците им кажувам што добро научиле а што дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања**




**1.18 Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките**




**1.19 На учениците им давам насоки како поуспешно да учат**




**1.20 Применувам различни начини на оценување на учениците**



**1.21 Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.)**




**1.22 Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците**




# Анкета со родители

**(анкетирани се 40 родители)**


1.1 Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот
Целосно се согласувам 90%
Се согласувам 10%


1.2 Запознаен/а сум со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности
Целосно се согласувам 80%
Се согласувам 17.5%
Не знам/немам информација 2.5%


1.3 Изборните предмети/ активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси
Целосно се согласувам 57.58%
Се согласувам 35%
Не се согласувам 5%
Не знам/немам информација 2.5%


1.4 Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете
Целосно се согласувам 60%
Се согласувам 30%
Не се согласувам 2.5%
Целосно не се согласувам 2.5%
Не знам/немам информација 2.5%

**1.7 Моето дете било вклучено во активност/и реализирани со ученици кои учат на различни јазици**




**1.8 Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете**




**1.9 Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете**




**1.10 Моето дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели)**



**1.11 Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати**



● Целосно се согласувам 65% ● Се согласувам 30%
● Не се согласувам 2.5% ● Не знам/немам информација 2.5%

**1.12 Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд**



● Целосно се согласувам 57.5% ● Се согласувам 37.5%
● Целосно не се согласувам 2.5%
● Не знам/немам информација 2.5%

**1.13 Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи**



● Целосно се согласувам 60% ● Се согласувам 37.5%
● Не знам/немам информација 2.5%

**1.14 Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие или на крај година)**



● Целосно се согласувам 67.5% ● Се согласувам 25%
● Не се согласувам 2.5% ● Целосно не се согласувам 2.5%
● Не знам/немам информација 2.5%

**1.15 Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете**




**1.16 Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет**




**1.17 Училиштето нуди избор на различни вонннаставни активности (клубови, проекти и сл.)**




**1.18 Моето дете е вклучено во воннаставни активности според сопствениот избор**



# Анкета со ученици

**(анкетирани се 40 ученици)**

### 1.1 На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)




### 1.2 Сам/а и имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам според моите интереси




### 1.3 На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели)




### 1.4 Наставниците ја прават содржината од предметите интересна



**1.5 На најголем број од часовите сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме прашања, дискутираме, работиме во групи)**




**1.6 Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари**




**1.7 Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти**




**1.8 Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена**



**1.9 Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена**




**1.10 Оценувањето на сите ученици е праведно**




**1.11 Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините а нивно подобрување**




**1.12 Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.)**



### 1.13 Наставниците ме пофалуваат за мојот труд




### 1.14 Наставниците ме пофалуваат за моите резултати




### 1.15 Ако не знам нешто на часовите можам слободно да ги прашам наставниците




### 1.16 На часовите можам слободно да кажам што мислам



**1.17 Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции)**




**1.18 Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор**




**1.19 Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности**




**1.20 Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште)**



## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Е-дневник<br>- записници од родителски состаноци<br>- анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување<br>- анкети со ученици, наставници, родители<br>- интервјуа со стручни соработници и директор | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето води целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка. Училиштето ги следи постигнувањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди. Наставниците применуваат формативно и сумативно оценување на постигнувањата на учениците. Учениците од I до III одделение се оценуваат со описни оценки; учениците од IV до VI одд. се оценуваат комбинирано (описно и бројчано); а учениците од VII до IX одд. се оценуваат со бројчани оценки. При оценувањето се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците.<br>Постигнувањата на учениците се евидентираат во е-дневникот по сите предмети, за редовната настава, но и за дополнителната и додатната настава. Оттука се добиваат информации и за оние ученици кои послабо напредуваат, па за нив се организира дополнителна настава, а за учениците кои постигнуваат повисоки резултати се организира додатна настава.<br>Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците при премин одеден во друг циклус и по завршување на основното образование.<br>Доколку се јават разлики во постигањата при премин од еден во друг циклус, училиштето ги анализира причините за ваквата појава и презема активности за нејзино надминување.<br>Освен е-дневникот податоци за евиденција за напредокот на ученикот можат да се најдат и во белешките што секој наставник ги води за учениците од секое одделение. Тука перманентно се следи нивниот развој во текот на учебната година. Наставниците континуирано дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата во наставата.<br>Наставниците и стручната служба редовно изготвуваат тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за напредокот на учениците по паралелки и на ниво на одделение, според податоците добиени од одделенските раководители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. Евиденцијата што се води за напредокот и постигнувањата на учениците, нивната присутност и поведение, се разгледува на Одделенските совети, на Наставничките совети, со родителите на Родителските средби и индивидуални средби, како и на состаноците на Советот на родители. |

Табеларен преглед на успехот, поведението и број на изостаноци во последните две години:

| Учебна година | Среден успех на ниво на ООУ | Поведение | | | Просек изостаноци | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Примерно | Добро | Незадоволително | Оправдани | Неоправдани | |
| 2023/24 | 3,78 | 266 | / | / | 19,47 | 1,50 | 10,48 |
| 2024/25 | 3,82 | 256 | / | / | 31,05 | 0,10 | 15,58 |

Од табелата може да заклучиме дека во учебната 2024/25 година имаме мало зголемување на успехот на учениците, зголемување на бројот на оправдани изостаноци и намалување на бројот на неоправдани изостаноци.

Евиденцијата за напредокот на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на одделенскиот час, а родителите за постигнувањата на нивните деца се информираат усно – на индивидуални средби со одделенскиот раководител и предметните наставници, и писмено, преку извештаите и евидентните листови што им се даваат на учениците по секое тримесечје, полугодие и свидетелствата на крајот на учебната година.

Во текот на целата учебна година и родителите имаат увид во постигањето на учениците преку електронскиот дневник, смс-пораки, е-пошта и другите можности за размена на информации. Училиштето е отворено за соработка со родителите сите работни денови во рамките на работното време.

Напредокот на учениците е следен и од стручните соработници на училиштето, кои соработуваат со наставниците и помагаат во изготвувањето на објективните тестови на знаења. Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, одржува и психологот и притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на проблемите.

Резултати од анкетата за ученици

Анкетирани се вкупно 40 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето 2.1. Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште. - 72,5 % од учениците целосно се согласуваат, 25,% од учениците се согласуваат со ова тврдење и 2,5% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење.

Резултати од анкети на наставниците:

Анкетирани се вкупно 39 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето 2.3. Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот

| | | |
|---|---|---|
| | | предмет/предмети. - 51,28 % од наставниците целосно се согласуваат., 38,46 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 5,13 % не се согласуваат со тврдењето, 5,13 целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Резултати од екстерни тестирања | Во последните две учебни години во нашето училиште не е спроведено екстерно тестирање. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Училиштето ги идентификува надарените ученици, учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и учениците со посебни образовни потреби и систематски го следи нивниот напредок.<br>Со надарените и талентираните ученици наставниците работат континуирано во целата учебна година со мотивирање и задавање на обврски за време на часовите, за домашна работа, вклучување во различни проекти кои одговараат на нивните интелектуални способности, интереси и потреби. За надарените ученици секој наставник реализира додатна настава. Оваа група на ученици се вклучува и во училишните, општинските, републичките и меѓународните натпревари и конкурси. За таа цел, во училиштето се изработува Програма за работа со талентирани и надарени ученици која овозможува поголема вклученост на учениците и активно учество во сите конкурси, манифестации и натпревари.<br>Наставниците применуваат различни методи на поучување и учење со цел да се задоволат потребите на децата со различни способности. Одговорни лица за работа со талентирани и надарени ученици се одделенските и предметните наставници во соработка со педагошко – психолошката служба.<br>Идентификување на ученици со попреченост се реализира при упис на ученици во прво одделение, како и на почетокот на воспитно – образовниот процес. Учениците по идентификацијата се насочуваат во ЈЗУ Здравствен дом Иван Георгиев – Пехчево, Стручно тело за функционална проценка на деца и млади (МКФ) со цел: добивање на наод и мислење за функционалната проценка. Училиштето постапува по препорачаните услуги во функционалната проценка. Доколку на учениците им е препорачана образовна асистенција, училиштето со барање до Ресурсниот центар ,,Св. Климент Охридски, Ново Село - Струмица обезбедува образовни асистенти. Учениците со попреченост добиваат поддршка од наставниците, образовните асистенти и стручната служба на училиштето. За нив се изработуваат индивидуални образовни планови и модифицирани програми. Инклузивниот тим на училиштето ги приспособува наставните планови и програми по сите предмети според можностите на децата со ПОП. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во училиштето има ученици со посебни образовни потреби со медицинска белешка од МКФ, вклучени во редовната настава. Тие се вклучени во воспитно-образовниот процес со ИОП изготвен според нивните можности и способности. Со овие ученици работи специјален едукатор и рехабилитатор, педагог и психолог, а учениците се придружувани од лични и образовни асистенти ангажирани од страна на Црвен крст на Македонија и Ресурсниот центар ,,Св. Климент Охридски, Ново Село – Струмица.<br>Наставниците и стручната служба континуирано соработуваат со родителите на учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост со цел да се зголеми индивидуалниот напредок и развој на секој ученик.<br><br>Резултати од анкети на наставници<br>Анкетирани се вкупно 39 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето 2.1. Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето. - 74,36 % од наставниците целосно се согласуваат., 25,63 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>По однос на тврдењето 2.2. Успевам да ги идентификувам надарените ученици. - 76,92 % од наставниците целосно се согласуваат., 23,08 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Училиштето има методи за известување на родителите за напредокот на нивните деца и истите добро ги применува. Тоа вклучува редовно прибирање информации за напредокот на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оцената, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата на секој ученик посебно. Во текот на целата учебна година со пристап во е-дневникот секој родител може лесно да биде информиран за напредокот и редовноста на своето дете, писмените работи, тестовите на знаење, поведението и др. Освен од електронскиот дневник, известувањето тече и преку смс-пораки, електронската пошта и други можности за комуникација.<br>Училиштето обрнува внимание на информирањето на родителите при изрекување на педагошки мерки, а функционира и советувањето на родителите и учениците.<br><br>Резултати од анкети на ученици |

| | | |
|---|---|---|
| | | Анкетирани се вкупно 40 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето 2.1. Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште. - 72,5 % од учениците целосно се согласуваат, 25 % од учениците се согласуваат со ова тврдење, нема ученици кои не се согласуваат со тврдењето, нема учениците кои целосно не се согласуваат и 2,5 % од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Резултати од анкета за наставници<br>Анкетирани се вкупно 39 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето 2.3. Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети. - 51,28 % од наставниците целосно се согласуваат., 38,46 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 5,13 % не се согласуваат со тврдењето, 5,13 целосно не се согласуваат, нема наставници кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од фокус групите со родителите се доби сознание дека истите за постигнувањата на нивните дете се информираат навремено од е - дневникот или директно од предметниот наставник. |
| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Записници од советувања на родители/старатели и ученици<br>- распоред и списоци за дополнителна и додатна настава<br>- Е- дневник<br>- извештаи за соработка со различни чинители за | Редовност во наставата | Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот и етничката припадност), ги анализира причините за отсуство од наставата (и неоправдано и оправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Училиштето соработува со родителите и локалната самоуправа за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.<br>Просечниот број на неоправдани изостаноци е помал од 5 по ученик и редовноста на учениците бележи тренд на подобрување во однос на претходните учебни години.<br><br>Резултати од анкети на родители<br>Анкетирани се вкупно 40 родители по случаен избор. По однос на тврдењето 2.3. Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете. - 82,5 % од родителите целосно се согласуваат, 17,5 % од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема родители кои не се |

| | | |
|---|---|---|
| подобрување на постигањата | | согласуваат со тврдењето, нема родители кои целосно не се согласуваат и нема родители кои не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Учениците имаат можност за разговор и поддршка од стручниот соработник, доколку се соочат со било каков проблем во училиштето. Учениците се навремено и целосно информирани за новостите кои се во нивен непосреден интерес и нивното мислење се зема предвид во носењето на заедничките одлуки. Во училиштето и самите ученици имаат можност да партиципираат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки. Ваквите активности учениците особено ги реализираат на состаноците на Ученичкиот парламент и Организација на Црвен крст.<br>Стручната служба остварува индивидуални и групни советувања како и консултации со родителите, особено со родителите на деца со посебни образовни потреби, работи со училишниот парламент, спроведува тестирања за професионална и кариерна ориентација на учениците во деветто одделение како и идентификација на талентирании надарени ученици, континуирано дава поддршка на наставниците за поуспешна реализација во работата со ученици со различни карактеристики и потреби. Стручната служба има клучна улога како линк помеѓу наставник-ученик-родител.<br>Стручниот соработник дава информации и спроведува активности за професонална ориентација и правилен избор на идното занимање на учениците од деветто одделение и организира промоција и претставување на средните училишта пред учениците од деветтите одделенија во текот на деновите од месец февруари до мај.<br>Стручната служба ги информира учениците за нивните права и обврски. За учениците кои покажуваат слаб успех, проблеми со редовност и дисциплина, стручниот соработник редовно организира советување за учениците се со цел подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на часовите и во училиштето.<br>Стручната служба организира индивидуална и групна работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето, интерен проект со родители на ученици кои послабо напредуваат во учењето преку Програмата за советување на ученици во основното образование и нивните родители/старатели.<br>Родителите и учениците навремено се запознаени со Кодексот на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во пракса. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Резултати од анкети на родители<br>Анкетирани се вкупно 40 родители по случаен избор. По однос на тврдењето 2.1. Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете. - 55 % од родителите целосно се согласуваат, 37,5 % од родителите се согласуваат со ова тврдење, 2,5 % не се согласуваат со тврдењето, нема родители кои целосно не се согласуваат и 5% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Резултати од анкети за наставници<br>Анкетирани се вкупно 39 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето 2.4. На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето. - 74,36 % од наставниците целосно се согласуваат., 17,95 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 5,13% не се согласуваат со тврдењето, нема наставници кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Резултати од анкети на ученици<br>Анкетирани се вкупно 40 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето 2.2. Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех. - 77,5 % од учениците целосно се согласуваат, 20 % од учениците се согласуваат со ова тврдење, нема ученици кои не се согласуваат со тврдењето, нема ученици кои целосно не се согласуваат и 2,5 % од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области.<br>Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител/старател или по проценка на наставникот. Наставникот ја планира дополнителната настава согласно со потребите на учениците. Образовните групи за дополнителна настава се формираат во различни периоди во зависност од времето кога ќе се појават одредени слабости кај поедини ученици. Оваа настава се организира во текот на целата наставна година.<br>За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот, односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот/старателот на детето. Секој наставник во своите планирања има програма за додатна и дополнителна настава. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Дополнителната настава се реализира преку наставни часови што се утврдени со распоред на часови. Распоредот на часови се истакнува на огласните табли во училиштето и се доставува до Државниот просветен инспекторат. Најголемиот број наставници им обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на учениците со посебни образовни потреби, како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.<br><br>Резултати од анкетата за реализација на дополнителна настава<br><br>Резултати од анкетата на родители<br>Анкетирани се вкупно 40 родители по случаен избор. По однос на тврдењето 2.4. На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа. - 65 % од родителите целосно се согласуваат, 35 % од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема родители кои не се согласуваат со тврдењето, нема родители кои целосно не се согласуваат и нема родители кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Резултати од анкети на ученици<br>Анкетирани се вкупно 40 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето 2.3. Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава. - 45 % од учениците целосно се согласуваат, 35% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 15 % не се согласуваат со тврдењето, нема ученици кои целосно не се согласуваат и 2,5 % од учениците не знаат и 2,5% немаат информација за ова тврдење.<br><br>По однос на тврдењето 2.5. Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови. - 32,5 % од учениците целосно се согласуваат, 32,6% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 27,5% не се согласуваат со тврдењето, 2,5% од учениците целосно не се согласуваат и 2,5% од учениците не знаат и 2,5% немаат информација за ова тврдење. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Во анализата на силните и слабите страни на училиштето, како и во утврдувањето на приоритетите, се издвојуваат неколку важни аспекти кои ги одразуваат предизвиците и потенцијалите за подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги нагласува клучните наоди и ги утврдува приоритетите за подрачјето постигања на учениците.<br>Една од најзначајните предности на училиштето е утврдениот систем за известување, кој обезбедува јасни насоки за тоа кога и како ќе се известуваат учениците и нивните родители. Овој систем овозможува транспарентност и редовна комуникација меѓу училиштето и семејствата, што создава доверба и ја зголемува вклученоста на родителите во образовниот процес на нивните деца. Дополнително, позитивните ставови на родителите во однос на квалитетот на известувањето укажуваат на ефикасноста на оваа практика и на нејзиното позитивно влијание врз општата училишна клима. Систематизираниот пристап кон известувањето е важен елемент кој ја олеснува двонасочната комуникација и помага во благовремено информирање и решавање на евентуални проблеми.<br>И покрај добро структурираните наставни програми и планови, училиштето се соочува со проблем во мотивацијата на учениците да ја посетуваат додатната настава. Иако постои јасен распоред за реализација на оваа настава, слабата вклученост на учениците покажува дека постои јаз меѓу понудените можности и интересот на учениците за нивно искористување. Ова укажува на потребата од подобро разбирање на ученичките потреби и од изнаоѓање иновативни начини за зголемување на нивната мотивација. Без активна и мотивирана вклученост, додатната настава губи од својот потенцијал учениците да го прошират своето знаење и да се стекнат со додатни вештини.<br>За да се реши проблемот со ниската мотивација за посетување на додатната настава, потребно е да се вклучат учениците во подготвување на стратегија за поефективно користење на овие часови. Овој приоритет подразбира активно учество на учениците во дизајнирањето на програмите, со што ќе се осигура дека тие одговараат на нивните реални потреби и интереси. Вклучувањето на учениците во овој процес ќе ја зголеми нивната свест за важноста на додатната настава и ќе го зајакне чувството на одговорност за сопствениот напредок. Со тоа, додатната настава ќе стане поатрактивна и поефикасна, а учениците ќе се стекнат со повеќе вештини и знаења и ќе се зголеми мотивацијата, желбата и љубовта кон одредени предмети.<br>Покрај силните страни на училиштето, како што е утврдениот систем за известување, предизвикот со ниската мотивација за додатната настава бара итни мерки. Со вклучување на учениците во креирањето на стратегии за подобрување на додатната настава, училиштето ќе создаде услови за поголема ангажираност и ќе ја зголеми ефикасноста на овие програми. |
| **Силни страни**<br><br>- Училиштето има утврден систем за известување, со јасни насоки кога и како ќе се известува, што се потврдува со позитивните ставови на родителите/старателите во однос на начинот и квалитетот на известувањето. |

| |
|---|
| **Слаби страни**<br><br>- Училиштето има јасен распоред и план за реализација на додатна настава, но постои потреба да се подобри мотивацијата кај учениците за ефикасна реализација на истата. |
| **Приоритети**<br><br>- Вклучување на учениците во подготвување на стратегија за поефективно користење на додатната настава според нивните потреби. |

Прилог 2

## Анкета со ученици

2.1 Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште.




## Анкета со ученици

2.2 Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех.



## Анкета со ученици

2.3 Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна




## Анкета со ученици

2.4 Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини.



## Анкета со ученици

2.5 Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови.




## Анкета со родители

2.1 Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете.




Анкета со родители
2.2 Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете.
Не знам/Немам информација
2.5%
Се согласувам
35.0%
Целосно се согласувам
62.5%


Анкета со родители
2.3 Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете.
Се согласувам
17.5%
Целосно се согласувам
82.5%

## Анкета со родители

2.4 На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа.




## Анкета со наставници

2.1 Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето.



## Анкета со наставници

2.2 Успевам да ги идентификувам надарените ученици.




## Анкета со наставници

2.3 Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете во учењето.



# Анкета со наставници

2.4 На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето.



## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета со наставници<br>Анкета со родители<br>Анкета со ученици<br>Кодекс за однесување на ученици<br>Кодекс за однесување на наставници и стручни соработници<br>Дипломи, пофалници, благодарници и награди<br>Фотографии<br>Веб страна<br>ФБ страна<br>Извештаи<br>Кодекс за однесување на ученици<br>Кодекс за однесување на наставници и стручни соработници<br>Куќен ред<br>Извештаи по класификациони периоди<br>Годишен извештај<br>Годишна програма за работа на училиштето | Углед/имиџ на училиштето | Училишниот имиџ и углед е основен приоритет на сите структури во образовната установа. Училиштето се труди да биде препознатливо по своите напори да го одржи високиот квалитет на работа и постигања на нашите ученици во сите области. Се трудиме да им бидеме одличен пример на учениците, да го инспирираме нивниот критички дух, да размислуваат позитивно и да ги насочуваме кон соодветно однесување. Настојуваме да создаваме и стимулираме позитивна атмосфера во сите сегменти на работењето на училиштето и истовремено да негуваме емпатична, безбедна, грижлива и здрава училишна средина.<br>Училиштето важи за угледно училиште кое успешно ги остварува целите и задачите на основното образование, а учениците и вработените се идентификуваат идеите на училиштето и се грижат и работат на неговиот углед.<br>Создавањето пријатен амбиент во кој се остварува воспитно - образовниот процес, покрај вклучувањето на материјално - техничките услови и меѓусебните односи на сите ученици и наставници во реализацијата на процесот, ја претставуваат климата во училиштето, на начин континуирано градејќи го училишниот углед и имиџ. Училиштето во своето долгогодишно работење има изградено своја позиција во општеството, препознатливо по квалитетот и воспоставена дисциплина во работењето на вработените, како и однесувањето на учениците кај кои стимулираме позитивни вредности. Нашето училиште е училиште кое успешно ги остварува целите и задачите на основното образование, а учениците и вработените се идентификуваат со неговите вредности и се грижат и работат на одржување на неговиот углед. Имиџот на училиштето го градиме на општинско ниво, преку промоција преку веб страната, ФБ страната, активности по повод патрониот празник, како и преку постигањата на учениците од учество на натпревари од општинско до државно ниво, со многу воннаставни активности каде и самите наставници и ученици учествуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| Правилник за регулирање на редовноста, отсуствата на учениците од настава и за видот на педагошките мерки и начинот на нивно изрекување<br>Статут на училиштето | | Со голема одговорност и посветеност преку извршување на обврските, а во соработка со другите субјекти во воспитно-образовниот процес на учениците, училиштето ја остварува мисијата и континуирано ги насочува, организира и реализира активностите кон остварување на визијата. Сакаме и се стремиме нашето училиште да биде здрава и безбедна воспитно образовна средина која ќе ги мотивира учениците да доаѓаат, творат, работат и учат со задоволство, почитувајќи ги мултикултурните и меѓуетничките сличности и разлики и ги негувајќи ги принципите на мултикултурализмот. Се трудиме наставата да биде ефективна, ефикасна и современа, за да може стекнатите знаења, умеења и вештини, учениците да ги применуваат во секојдневниот живот.<br>Во училиштето се почитуваат сите ученици независно од нивните можности, способности и образовни потреби, се јакне соработката со родителите и заедницата. Сите заедно (наставниците, учениците и родителите) допринесуваат училиштето да биде втор дом и секој да биде горд на него.<br>Мисијата и визијата на училиштето најдобро се остваруваат кога сите субјекти, вклучени во образовниот процес (наставници, ученици, родители) јасно ќе ги знаат нашите цели. Токму затоа тие се истакнати на влезот во училиштето и се јасно видливи за сите. Се трудиме да бидеме колектив со високи морални и етички вредности и мотивирачки пример за нашите ученици.<br>Соработката со родителите се реализира во непосредни и индивидуални средби со родители. Посебно ни е важно учеството на родителите во училишниот живот и соработката со нив, па постојано се стремиме кон нејзино подобрување.<br>Имиџот го градиме и со грижата за здравјето и безбедноста на учениците. Постојано покренуваме иницијативи и разни предавања за грижата за здравјето. Училиштето во соработка со здравствените институции се грижи за здравјето на учениците преку спроведување систематски прегледи, задолжителна имунизација, едукација, стоматолошки систематски прегледи и сл.<br>Во училиштето постои позитивна атмосфера за работа во текот на наставните часови и воннаставните активности. Воспитно-образовниот кадар во нашето училиште соработуваат помеѓу себе професионално, квалитетно и амбициозно ја извршуваат својата воспитно-образовна функција. а со тоа градат добра работна атмосфера. Во училиштето е воспоставен систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и прифатени од сите, вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби. Ваквиот начин на работа придонесува да се постигнат високи образовни резултати во областа на наставните и воннаставните активности, со што се зголемува угледот и имиџот на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Последниве години се воведе традиција на одржување на Новогодишен базар и Велигденски базар, каде собраните средства се пренаменуваат за потребите на учениците, за хуманитарни цели и сл. Препознатливи сме и по тоа што учениците и наставниците активно се вклучуваат со разни хуманитарни акции. |
| | Кодекс на однесување | Со Куќниот ред и правила за однесување на учениците, наставниците и стручните соработници во училиштето, се дефинирани правата и обврските на вработените и учениците во поглед на однесувањето во училиштето па и надвор од него.<br>Изготвени се Кодекс за однесување на ученици и Кодекс за однесување на наставници и стручни соработници, кои се истакнати во наставничките канцеларии, сите училници, како во централното, така и во подрачните училишта.<br>Кодексот за ученици е изготвен во соработка со учениците и Ученичкиот парламент, додека Кодексот за наставници и стручните соработници е изготвена во соработка воспитно-образовниот кадар.<br><br>Анкетирани се вкупно 39 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето **3.1. Имам учествувано во изработка/ажурирање на кодексот за однесување во училиштето.** - 48.72% од наставниците целосно се согласуваат., 25.64% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 7.69% не сесогласуваат со тврдењето,7.69% целосно не се согласуваат и 10.26% не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>По однос на тврдењето **3.2. Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување.** – 53.85% од наставниците целосно се согласуваат., 38.46% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 2.56% не сесогласуваат со тврдењето,нема наставници кои целосно не се согласуваат , а 5.13% не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Анкетирани се вкупно 40 ученици.<br>По однос на тврдењето **3.6. Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитуваме.** - 55% од наставниците целосно се согласуваат., 30% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 15% не сесогласуваат со тврдењето, нема ученици кои целосно не се согласуваат и нема наставници не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br>По однос на тврдењето **3.7. Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето.** - 75% од наставниците целосно се согласуваат., 22.5% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 2.5% не |

| | |
|---|---|
| | сесогласуваат со тврдењето, нема ученици кои целосно не се согласуваат и нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Раководниот и наставен кадар има важна улога во добрата атмосфера во училиштето. Нивната соработка е на високо ниво и постојано се надоградува. Сметаме дека оваа соработка е важен предуслов за градење на добра училишна клима. Сите вработени постојано апелираат и ги упатуваат своите ученици на грижа за училиштето како и едни за други. Наставниците настојуваат сите ученици без разлика на вера, род, етничка припадност, потекло, способности да се чувствуваат прифатени и среќни во училиштето. Односот меѓу наставниците, како и односот меѓу наставниците и учениците се базира на меѓусебно почитување, чувство на сигурност, ефикасна работа и заемна одговорност.<br>За несовесно однесување, односно непочитување на правилата, се изрекуваат педагошки мерки, за што може да се каже дека се изрекуваат и даваат резултати. За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба на училиштето. Работната атмосфера е присутна за време на наставата и воннаставните активности.<br><br>Од вкупно анкетирани 40 родители по однос на тврдењето **3.1. Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето.** - 75% од родителите целосно се согласуваат., 22.5% од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема родители кои не сесогласуваат со тврдењето, нема родители кои целосно не се согласуваат и 2.5% не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br>По однос на тврдењето **3.2.Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување.** – 17.5% од родителите целосно се согласуваат., 67.5% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 7.5% не сесогласуваат со тврдењето, 2.5% целосно не се согласуваат и 2.5% не знаат или немаат информација за ова тврдење, а 2.5% се без одговор. |
| Училишна клима | Во училиштето постојат изградени односи на соработка, почитување и рамноправен третман помеѓу сите структури кои се вклучени во училишниот живот. Наставниците професионално ги извршуваат своите задачи и имаат поддршка од директорот и стручните соработници, како и учениците и нивните родители, во сите сфери на воспитно - образовното делување.<br>Третманот на сите ученици е подеднаков независно од нивниот пол и верска припадност, социо - економски и емоционален развој. Меѓусебното почитување и |

| | |
|---|---|
| | постигнатите резултати овозможуваат наставнциите и ученциите да бидат горди на своето училиште.<br>Училишната клима е на задоволително ниво. Таа се согледува во соработката со наставниците и учениците и меѓусебните односи, комуникацијата меѓу самите наставници во образовниот процес. Односите меѓу учениците од ист и различен пол се исполнети со меѓусебно почитување, толеранција и помагање.<br>Во училиштето постои здрава училишна клима, клима на взаемно почитување, рамноправен третман меѓу структурите во училиштето и постои професионална соработка меѓу вработените.<br><br>Податок: Анкетирани се вкупно 39 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето **3.3. Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка**. - 71.79% од наставниците целосно се согласуваат, 28.2% и нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и нема наставници кои не знаат, односно немаат информација.<br>По однос на тврдењето **3.5. Добро соработувам со колегите во училиштето**. - 84.62% од наставниците целосно сесогласуваат, 15.38% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од вкупно анкетирани 40 ученици , по однос на тврдењето **3.8. Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици.** - 77.5% од учениците целосно се согласуваат., 20% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 2.5% не сесогласуваат со тврдењето, нема ученици кои целосно не се согласуваат и нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br>По однос на тврдењето **3.9. Имам еднакви можности за учество во активностите во учулиштето, како и другите ученици.** - 80% од учениците целосно се согласуваат., 20% од учениците се согласуваат со ова тврдење, нема ученици кои не се согласуваат со тврдењето, нема ученици кои целосно не се согласуваат и немаат информација за ова тврдење.<br>По однос на тврдењето **3.10. Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите ( на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање) како и другите ученици.** – 82.5% од учениците целосно се согласуваат., 15% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 2.5% ученици не се согласуваат со тврдењето, нема ученици кои целосно не се согласуваат и кои немаат информација за ова тврдење. |

| | |
|---|---|
| | Од вкупно анкетирани 40 родители по однос на тврдењето **3.3 Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците.** - 85% од родителите целосно се согласуваат., 12.5% од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема родители кои не се согласуваат со тврдењето, нема родители кои целосно не се согласуваат и немаат информација за ова тврдење а 2.5 % од родителите се без одговор.<br>По однос на тврдењето **3.4. Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците.** - 70% од родителите целосно се согласуваат., 27.5% од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема родители кои не се согласуваат со тврдењето, нема родители кои целосно не се согласуваат и немаат информација за ова тврдење, а 2.5 % од родителите се без одговор.<br>По однос на тврдењето **3.5. Моето дете сака да оди на училиште.** - 75% од родителите целосно се согласуваат., 20% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 2.5 % родители не се согласуваат со тврдењето, нема родители кои целосно не се согласуваат и немаат информација за ова тврдење, а 2.5 % од родителите се без одговор. |
| Поведение и дисциплина во училиштето | Дисциплината во училиштето е солидна, а се должи на една традиција на одржување, поттикнување и свесно прифаќање на правила на однесување и меѓусебно почитување. Проблемите во врска со поведението и дисциплината се незначителни. Изостанувањата најчесто се од оправдани причини, болести и сл. Нема појава на бегање од часови или е тоа многу ретко.<br>Во однос на дисциплината и поведението во текот на последниве две учебни години сите ученици на крајот од учебната година беа оценети со примерно поведение. Дисциплината и поведението на учениците во текот последните две учебни години беше на задоволително ниво, со мали исклучоци на поедини ученици кои навремено беа опоменувани усно и писмено, советувани од одделенските раководители и педагошко - психолошката служба.<br>Училиштето поседува Статут кој се применува соодветно и се води политика на навремено справување со евентуално несоодвено однесување на учениците. На повеќето часови има работна дисциплина, а на одморите преку делумни дежурства на наставници се настојува движењето на учениците да биде во рамки на потребната безбедност.<br>При обиди за нарушување на дисциплината на часот или на одморите, реагираат авторитетно наставникот, одделенскиот раководител, а по потреба педагошко – психолошката служба и директорот и во зависност од прекршокот, се постапува |

| | | |
|---|---|---|
| | | според Правилник за регулирање на редовноста, отсуствата на учениците од настава и за видот на педагошките мерки и начинот на нивно изрекување. Со тој Правилник за изрекување на педагошки мерки се регулира поведението и изостанувањето на учениците. Со овој Правилник се запознаени наставниците, учениците и родителите. Вработените најчето внимателно и авторитетно се справуваат со проблемите во однос на дисциплината и редовноста. Повеќето од вработените се трудат да бидат доследни во почитување на Правилникот.<br><br>Податок: Анкетирани се вкупно 39 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.4. За време на моите часови има добра работна атмосфера**. - 82.05% од наставниците целосно се согласуваат,17.95% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето или целосно не се согласуваат и нема наставници кои не знаат и немаат информација за ова тврдење.<br>По однос на тврдењето **3.6. Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање на конфликти**. – 71.79 % од наставниците целосно сесогласуваат, 28.21% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетирани 40 родители по однос на тврдењето **3.6. Училиштето добро се справува со дисциплината.** - 7% од родителите целосно сесогласуваат, 27.5% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 2.5 % родители не се согласуваат со тврдењето, нема родители кои целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење, а 2.5% од родителите се без одговор на ова прашање. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Учениците се навремено и целосно информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Во училиштето и самите ученици имаат можност да учествуваат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки. Оваа активност учениците ја реализираат преку состаноците на ученичкиот парламент како и на часовите на одделенска заедница. Според записниците од одржаните состаноци и годишниот извештај на училиштето, се согледува дека ученичката заедница работи според однапред утврдена програма и учениците се навремено и целосно информирани и се вклучени во донесување на одлуки од нивен интерес. Одлуките од учениците се спроведуваат во согласност со условите и можностите на |

| | | |
|---|---|---|
| | Управување и раководење со ресурсите | Воспитно-образовната дејност во ООУ „Ванчо Китанов" - Пехчево се реализира во една модерна училишна зграда од тврда градба изградена во 1974 година со површина од 3016 м2. Училишната зграда има приземје и два спрата, подрумски простории и три влеза. Училишниот простор целосно ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. Во состав на училиштето се и подрачните училишта во с. Робово и с. Црник. Подрачните учичишта во с.Чифлик и с. Умлена се во мирување, а училиштето во с. Панчарево е подрачно училиште со времен престанок со работа.<br>Наставата во централното училиште се реализира во 18 училници и 5 кабинети. Кабинетите и училниците ги задоволуваат стандардите за изведување на современа настава (чешми, нагледни средства, интернет, електронски табли/панели, печатачи, инвентар, помошна просторија и сл.). Во зградата има и една наставничка канцеларија, три канцеларии за админстративната и педагошката служба и повеќе мали простории. Има една библиотека. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето располага со игралиште со вештачка трева, кое обезбедува безбедни услови за спортски и рекреативни активности на учениците во текот на целата година и надворешен фитнес терен со справи за физички активности.<br>Од спортската инфраструктура, училиштето има мала спортска сала, која е прилагодена за учениците од одделенска настава и голема спортска сала, во која се реализираат часови по физичко образование за предметна и одделенска настава, тренинзи, спортски натпревари и вонннаставни активности.<br>Во ПУ с.Црник наставата се реализира во 9 училници во една смена, а во с. Робово во две училници.<br>Во изминатиот период е спроведена значајна модернизација на објектот со цел унапредување на безбедноста, пристапноста и визуелно-функционалниот изглед на просторот. Во ходниците се поставени нови епоксидни подови, а на скалите е инсталирана нова заштитна ограда согласно безбедносните стандарди. Училиштето активно работи на инклузивност и пристапност за ученици со попреченост; поставен е лифт за лица со физичка попреченост. Во училиштето има и надворешен пристапен влез за лица со инвалидитет, со што е овозможено непречено движење и целосно учество во наставниот процес.<br>Во насока на дигитализација и унапредување на наставата, училиштето е целосно опремено со електронски интерактивни табли (16) и панели (7) во сите училници во централното училиште, што овозможува континуирана дигитална и интерактивна настава. Во подрачните училишта се обезбедени дополнителни 9 електронски табли, со што се унапредува пристапноста до современи наставни технологии и надвор од централната локација. Ова значително придонесува за иновации во наставниот процес, развивање дигитални компетенции и примена на современи методи и алатки.<br>Директорот има јасен план и распоред за максимално искористување на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што успешно ги задоволува потребите на учениците и наставниот кадар. Планирањето се изведува навремено и координирано, при што се води сметка за рационално користење на просторот, опремата и материјалните ресурси, како и за создавање услови за реализација на различни форми на настава, работилници, обуки и проектни активности.<br>Најголем дел од наставниците или **76,9%** *(Прилог 4, Анкета за наставници)* се изјасниле дека училиштето навремено планира и обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. Иако двајца од наставниците одговориле со Целосно не се согласувам, сепак во функција на подобрување на наставниот процес, училиштето |

| | |
|---|---|
| | континуирано врши набавка на нагледни средства и други потребни материјали за реализација на наставата, вклучувајќи хартија, хамери, лепила, боици, дидактички помагала и материјали за креативни и проектни активности. Обезбедувањето материјали се спроведува преку навремена набавка, редовно следење на залихите и соодветна распределба според приоритетите и планираните активности, што овозможува непречена и квалитетна реализација на наставниот процес.<br>Библиотеката претставува библиотечен - информативен центар кој постојано собира, стручно обработува и дава на користење библиотечен материјал на учениците и наставниот кадар. Библиотечниот фонд се состои од 4 035 лектири и 1064 книги стручна литература за наставници и стручни соработници.<br>Библиотеката нуди можност за максимално користење на книжните фондови со кои располага, пристап до информаци, а со тоа и подобруваење на културниот и социјалниот живот на учениците и наставниот кадар. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката не постои електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на ангажираните наставници кои се надополнуваат со часови во библиотека. Библиотечниот фонд се води електронски и во целост ги задоволува потребите на училиштето. Библиотеката има пристап до интернет. |
| Раководење со кадарот | Воспитно - образовната дејност во училиштето ја остварува соодветен воспитно - образовен кадар кој со својата работа, стручна способност, искуство, внесување нови методи стратегии и техники на работа во наставата придонесува за поголема успешност во остварувањето на дејноста. Наставниот процес го реализираат вкупно 41 наставник од кои 2 се магистри. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставен кадар. Наставниот кадар е во согласност со нормативите со исклучок на два предмета. Работата е потпомогната, надополнета и олеснета со 1 образовен асистент, педагог и психолог. Во училиштето има еден наставник со звање наставник - ментор. Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите или **70 %** *(Прилог 4, Анкета за родители)* сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.<br>Распределбата на часовите се врши така што се избегнува преоптоварување или недоволна ангажираност. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.<br>Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Во Програмата за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Стручните активи на училиштето редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на унапредување на професионалниот развој, организирање на нагледни часови и сл. Наставниците ги имаат следено обуките за Новата Концепцијата за основно образование. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Наставниците имаат своја Програма за професионален развој и професионални досеја. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот и психолог, увид во планирањата и преку активностите на стручните активи. Постои соработка со наставници од други основни училишта и невладини здруженија во општината и пошироко. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Директорот и стручните соработници, согласно претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците и реализацијата на наставниот процес. Следењето се спроведува систематски и рамномерно во текот на целата учебна година, при што секој наставник е следен на најмалку два наставни часа по полугодие. За секое следење наставникот добива навремена, јасна и конструктивна повратна информација насочена кон унапредување на квалитетот на наставата.<br>За реализација на следењата, директорот и стручните соработници користат однапред подготвени листи за проверка кои овозможуваат систематичен и објективен увид во подготовката, реализацијата, методите, интеракцијата, односот и постигнувањата на учениците. Рапоредот за следење е изготвен по месеци, со што се обезбедува рамномерна распределба на часовите, транспарентност и доследност во спроведувањето на постапката.<br><br>Училиштето ги поттикнува наставниците и стручните соработници стручно да се усовршуваат преку редовно информирање за достапни обуки, вебинари и програми за професионален развој споделени по електронски пат или во службената ФБ група. Училиштето ги почитува интересите на наставникот истакнати во Личниот план за професионален развој (ЛППР) и секогаш дава предност на заинтересираната страна според ЛППР. Директорот ги поттикнува наставниците активно да се вклучуваат во проекти со што придонесува за унапредување на наставниот процес. |

| Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на училишниот одбор;<br>Деловник за работа на училишниот одбор;<br>Статут на училиштето;<br>Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br>Развојна програма на училиштето;<br>Програма за работа на директорот;<br>Програми за професионален развој;<br>Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор;<br>Активности и програма за работа на училишната библиотека. | Процедури за креирање на училишната политика | Целите и креирањето на училишната политика се во целосна согласност со државната и локалната образовна политика. Училиштето континуирано работи на унапредување на своите политики во повеќе клучни области, меѓу кои: меѓуетничка интеграција, промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација, развивање на соработка со заедницата (институции, медиуми, други училишта, невладини организации) и организирање разновидни општествени, културни, истражувачки и образовни активности, едукација за здрава исхрана и градење позитивна училишна клима. Со вакви политики училиштето демонстрира јасна посветеност на подобрување на квалитетот на образованието, благосостојбата на учениците, партнерствата со заедницата и развивањето позитивна, безбедна и стимулативна училишна средина. |
| | Резултати од развојно планирање | Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето. Во Програмата целите на развојната политика се прецизно дефинирани, јасно отсликуваат кои области треба да се унапредат и се целосно усогласени со мисијата и визијата на училиштето. При нивното поставување активно учествуваа наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница, со што е обезбеден инклузивен пристап во планирањето.<br>За секоја поставена цел се изготвени акциски планови со јасно определени носители на активностите, временска рамка по години и динамика на континуирано спроведување. Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата за сите ученици, вклучително и соодветни училници, наставни средства и помагала, со што се гарантира еднаков пристап до квалитетно образование. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Училиштето има изработено финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Сите органи во училиштето се запознаени со финансиските активности и со динамиката на трошење на средствата. Училиштето редовно изготвува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кои по разгледување од страна на Училишниот одбор се доставуваат до Советот на општината. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Приходи на сопствената сметка се остваруваат од наменските блок дотации и од издавање под закуп на училишната спортска сала. Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот, при што финансиските приоритети се во согласност со развојните цели и потребите на училиштето.<br>Во врска со јавните набавки, во училиштето функционира комисија за јавни набавки. Обезбедена е целосна документација за начинот на спроведување на постапките.<br>Иако постои високо ниво на транспарентност во финансиското работење, дел од наставниците и родителите изразиле дека не се целосно запознаени со начинот на трошење на буџетот. Завршните сметки се објавени на веб-страницата на училиштето, а јавните набавки претставуваат информации од јавен карактер, што значи дека секој заинтересиран може лесно да изврши увид во финансиското работење. Годишниот план за јавни набавки секоја година се изготвува од директорот на училиштето, се разгледува на состанок на Училишен одбор, се објавува и јавно е достапен на Електронскиот систем за јавни набавки. Во програмските документи јасно се дефинирани приоритетите, а во рамките на транспарентното финансиско работење, училиштето на својата ФБ страница редовно објавува информации за реализираните проекти и за наменското трошење на средствата. |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

**Опис/резиме на подрачјето**

ООУ „Ванчо Китанов“ функционира во согласност со законските прописи, наставните планови и календарот за работа донесен од Министерството за образование и наука, при што училиштето навремено ги реализира наставните програми и ги исполнува своите обврски како јавна образовна установа. Наставниците ги изработуваат годишните, тематските планирања како и Планирањата за реализација на наставата согласно програмите на БРО, Националните стандарди и Концепцијата за основно образование, а стручната служба пред почетокот на учебната година врши проверка на документацијата и обезбедува повратна информација и поддршка.

Училиштето обезбедува стабилен и функционален систем на управување и раководење, кој се реализира во согласност со законските регулативи, развојната програма и локалната и државната образовна политика. Податоците од анкетите укажуваат на висока информираност на наставниците за програмските активности, целите на развојната програма и очекуваните резултати, што укажува на транспарентно планирање и навремена комуникација.

Училиштето обезбедува конструктивна соработка помеѓу раководството и наставниот кадар преку редовни состаноци, координации, заедничко планирање и размена на идеи, како формални, така и неформални. Учениците се активно вклучени преку Ученичкиот парламент и преку дискусии на часови и анкети, додека родителите учествуваат преку Совет на родители, редовни и вонредни родителски средби, вклучување во проекти, хуманитарни акции, еко-акции и креативни работилници. Овие модели на соработка создаваат стабилна и партнерска врска меѓу училиштето, семејството и заедницата.

Училиштето континуирано следи наставни часови од страна на директорската и стручната служба, при што наставниците добиваат конструктивна повратна информација со цел унапредување на наставната практика. Наставничкиот кадар е квалификуван и способен да реализира наставни и воннаставни активности во согласност со потребите на учениците, а родителите генерално го препознаваат како компетентен и професионален.

Во делот на ресурсите, училиштето обезбедува навремена набавка на наставни материјали, потрошни средства и нагледни средства, како и функционална библиотека која е достапна за учениците и наставниците. Постојат услови за реализација на современа настава, вклучително и електронски табли/панели, интернет и опременост на кабинетите со инвентар и нагледни средства.

Креирањето на училишната политика се спроведува во партнерство со вклучување на повеќе чинители т.е наставници, раководство, родители и ученици. Иако постои транспарентност, мал дел од наставниците и родителите изразиле недоволна информираност за финансиското работење и за тоа како се трошат средствата од буџетот на училиштето. Дополнително, наставниците укажуваат дека механизмите за признавање на професионалната работа не се целосно систематизирани.

Училиштето е инклузивно и активно обезбедува поддршка за ученици со посебни образовни потреби, кои се интегрирани во редовниот образовен процес и работат според индивидуални образовни планови, еден од нив и со поддршка од образовен асистент. Ова придонесува за социјална интеграција и еднакви образовни можности.

Севкупната анализа покажува дека училиштето има многу добро воспоставен и функционален систем на управување кој развива современи политики и практики, усогласени со европските и националните образовни стандарди и продолжува да се позиционира како модерна институција ориентирана кон напредок, иновации и квалитет.

**Силни страни**

- Управувањето и раководењето со училиштето е стабилно, функционално и усогласено со стратешките цели на институцијата.
- Сместувањето и просторните капацитети се квалитетни и современи; во последните години е направено значително вложување во инфраструктурата, инвентарот, нагледните средства и техничката опременост.
- Директорот има јасна визија за развојот на училиштето, со која се запознаени сите вклучени чинители во воспитно-образовниот процес.
- Наставничкиот кадар е квалификуван, компетентен и способен да ги реализира наставните и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето; родителите и наставниците го препознаваат кадарот како професионален и стручен.
- Целите и политиките на училиштето се усогласени со државната и локалната образовна политика, а наставниците имаат високо ниво на информираност за планираните активности и резултатите од развојната програма.
- Наставниот процес е систематски следен, а наставниците редовно добиваат конструктивна и навремена повратна информација.
- Постои висока достапност на ресурси за наставата, како и континуирана набавка на потрошен материјал, што обезбедува квалитетна реализација на активности.
- Библиотеката е функционална, достапна и позитивно перципирана од страна на наставниците и учениците.
- Се практикува партнерска и демократска соработка меѓу раководството, наставниците, учениците и родителите при донесување одлуки.

**Слаби страни**

- Недоволно формализирани механизми за оддавање признанија и стимулирање на наставниците.
- Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот.
- Мал дел од наставниците се изјасниле дека училиштето не врши снабдување со сите потребни материјали за реализација на наставните и воннаставните активности, иако тоа се обезбедува.
- Мал дел од родителите не се доволно запознаени со одлуките на Училишниот одбор и улогата на Советот на родители во информирањето.

**Приоритети**

- Воспоставување годишни признанија, благодарници или пофалници за наставници со забележителни резултати во наставата, проектите, стручните активности и работата со ученици.
- Промовирање на успешни наставни практики преку отворени часови, презентации, училишни настани и внатрешни обуки.
- Јавно признавање на успесите (на веб-страница, огласна табла, настани), со цел поттикнување на мотивација и професионален развој.
- Создавање култура на позитивно признание, каде редовно ќе се нагласува и вреднува трудот на наставниците како дел од професионалната клима во училиштето.
- Откривање на начини на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот.
- Зголемување на транспарентноста во работата на Училишниот одбор, со редовно јавно објавување на донесените одлуки и нивното образложение.
- Јакнење на улогата на Советот на родители како комуникациска алка меѓу родителите и училиштето, со навремено пренесување информации за планираните активности и развојните цели преку континуирано присуство на состаноци.
- Јасно претставување на улогата на Советот на родители при секој родителски состанок и при упис на ученици (информативен флаер или презентација).

**Прилог 4:**

**Резултати од Анкета за родители**

**Вкупно анкетирани: 40**







4.3 Училишниот одбор транспаренто ги објавува сите донесени одлуки
Анкетирани родители
25
20
15
10
5
0
21
11
2
4
2
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ Немам информација
Неодговорено


4.4 Училишната библиотека е достапна за сите ученици
Анкетирани родители
30
25
20
15
10
5
0
30
9
1
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ Немам информација
Неодговорено


4.5 Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен
Анкетирани родители
30
25
20
15
10
5
0
28
10
1
1
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ Немам информација
Неодговорено


4.6 Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето
Анкетирани родители
20
15
10
5
0
13
15
3
7
2
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ Немам информација
Неодговорено

**Резултати од Анкета за ученици**

**Вкупно анкетирани: 40**









**Резултати од Анкета за наставници**

**Вкупно анкетирани: 39**












4.5 Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие




4.6 За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација




4.7 Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам




4.8 Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците




4.9 Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето
Анкетирани наставници
25
20
15
10
5
0
21
11
2
2
2
1
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ Немам информација
Неодговорено

## Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели Подрачје 1, Подрачје 2, Подрачје 3, Подрачје 4 |
| Анкета за наставници Подрачје 1, Подрачје 2, Подрачје 3, Подрачје 4 |
| Анкета за ученици Подрачје 1, Подрачје 2, Подрачје 3, Подрачје 4 |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи (наставници, родители, ученици) |
| Наоди од набљудување часови |
| Наоди од други видови набљудувања |

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, период 2023 - 2025 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ 161/2019, 229/2020, 3/2025, 74/2025, 250/2025 година) Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ - пехчево изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023 – 2025 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 10.9.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: Ивана Крчева – психолог, Андријана Мачевска – педагог, Јулија Велковска – наставник во предметна настава, Елизабета Вучковски – наставник во одделенска настава; Елица Јовевска – родител.

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2023 – 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Ирена Гошев<br>Емилија Марковска<br>Јадранка Павловска<br>Јасминка Ѓорѓиевска<br>Маја Самарџиски<br>Бранко Соколчевски<br>Евица ХаџиИванова Постолова<br>Елена Поповска |

| | |
|---|---|
| | Влатко Марковски |
| 2. Постигања на учениците | Александар Параско<br>Ајнура Арнаутова<br>Валентина Станоевска<br>Александра Ковачовска – Постоловска<br>Николина Каракашова<br>Наташа Беџовска<br>Ванчо Сивевски<br>Анита Јовановски<br>Душка Поповска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Жаклина Реџовска<br>Сашо Таковски<br>Павлинка Цикарска<br>Андреј Митровски<br>Емилија Станоевска<br>Виолета Ѓорѓиевска<br>Влатко Шалески<br>Биљана Мазарова<br>Трајанка Јовевска |
| 4. Управување и раководење | Ани Биковска<br>Афродита Денковска<br>Магдаленка Симовска<br>Оливера Кратевска<br>Весна Мавровска<br>Емилија Димевска<br>Емилија Бакаловска – Цикарска<br>Деан Димитров<br>Милан Трајановски<br>Ванчо Павловски |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 29.1.2026 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| Подрачје 1: Планирање, настава и учење |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Во рамките на оценувањето на состојбите во училиштето, идентификувани се неколку силни и слаби страни, како и приоритети за подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги опфаќа најзначајните аспекти од оваа анализа и укажува на насоките за понатамошно унапредување на училиштето.<br>Една од главните предности на училиштето е високото ниво на задоволство кај учениците и родителите во однос на признанието што го добиваат од наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд. Ова укажува на добар однос и комуникација меѓу наставниците и учениците, што го поттикнува процесот на учење и мотивираноста кај учениците. Дополнително, училиштето обезбедува индивидуална поддршка за три ученици со посебни образовни потреби, фокусирајќи се на развивање и зајакнување на нивните функционални способности. Оваа инклузивна практика го јакне капацитетот на учениците за поуспешно учество во наставата и создава позитивна училишна средина. Покрај тоа, учениците активно учествуваат на сите акредитирани натпревари, што резултира со високи достигнувања, истакнувајќи ја конкурентноста и успехот на училиштето во надворешни активности.<br>И покрај бројните предности, идентификувани се неколку слабости кои го ограничуваат целосниот потенцијал на училиштето. Наставниците планираат воннаставни активности, но при нивното планирање не ги вклучуваат учениците, што резултира со намалена мотивација и интерес за учество.<br>За да се надминат овие слабости и да се подобри општата училишна клима, идентификувани се неколку приоритети. Треба да се обезбеди поголемо вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности, со што ќе се поттикне нивната креативност и иницијатива. Иако училиштето се истакнува по многу аспекти, потребни се неколку клучни интервенции за да се подобри процесот на учење и вклученоста на учениците. Вклучувањето на учениците во планирањето на активностите ќе придонесат за создавање на поуспешна и потранспарентна училишна средина. |
| **Силни страни**<br><br>- Постои големо задоволство кај учениците и родителите за одавањето признание од страна на наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд на учениците.<br>- За три ученика со посебни образовни потреби училиштето реализира организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење.<br>- Учениците од нашето училиште учествуваат на сите акредититрани натпревари според пропозициите на организаторите и постигнуваат високи резултати. |
| **Слаби страни**<br><br>- Наставниците ги планираат воннаставни активности, но при планирањето на истите не се вклучени учениците.<br><br>- Училиштето планира активности за меѓуетничка интеграција во образованието, но вклучува само мал број на ученици при нивната реализација. |

**Приоритети**

- Вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности во училиштето.

- Креирање постапки за информирање и мотивирање на ученици за учество во активности меѓуетничка интеграција во образованието.

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме**

Во анализата на силните и слабите страни на училиштето, како и во утврдувањето на приоритетите, се издвојуваат неколку важни аспекти кои ги одразуваат предизвиците и потенцијалите за подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги нагласува клучните наоди и ги утврдува приоритетите за подрачјето постигања на учениците.

Една од најзначајните предности на училиштето е утврдениот систем за известување, кој обезбедува јасни насоки за тоа кога и како ќе се известуваат учениците и нивните родители. Овој систем овозможува транспарентност и редовна комуникација меѓу училиштето и семејствата, што создава доверба и ја зголемува вклученоста на родителите во образовниот процес на нивните деца. Дополнително, позитивните ставови на родителите во однос на квалитетот на известувањето укажуваат на ефикасноста на оваа практика и на нејзиното позитивно влијание врз општата училишна клима. Систематизираниот пристап кон известувањето е важен елемент кој ја олеснува двонасочната комуникација и помага во благовремено информирање и решавање на евентуални проблеми.

И покрај добро структурираните наставни програми и планови, училиштето се соочува со проблем во мотивацијата на учениците да ја посетуваат додатната настава. Иако постои јасен распоред за реализација на оваа настава, слабата вклученост на учениците покажува дека постои јаз меѓу понудените можности и интересот на учениците за нивно искористување. Ова укажува на потребата од подобро разбирање на ученичките потреби и од изнаоѓање иновативни начини за зголемување на нивната мотивација. Без активна и мотивирана вклученост, додатната настава губи од својот потенцијал учениците да го прошират своето знаење и да се стекнат со додатни вештини.

За да се реши проблемот со ниската мотивација за посетување на додатната настава, потребно е да се вклучат учениците во подготвување на стратегија за поефективно користење на овие часови. Овој приоритет подразбира активно учество на учениците во дизајнирањето на програмите, со што ќе се осигура дека тие одговараат на нивните реални потреби и интереси. Вклучувањето на учениците во овој процес ќе ја зголеми нивната свест за важноста на додатната настава и ќе го зајакне чувството на одговорност за сопствениот напредок. Со тоа, додатната настава ќе стане поатрактивна и поефикасна, а учениците ќе се стекнат со повеќе вештини и знаења и ќе се зголеми мотивацијата, желбата и љубовта кон одредени предмети.

Покрај силните страни на училиштето, како што е утврдениот систем за известување, предизвикот со ниската мотивација за додатната настава бара итни мерки. Со вклучување на учениците во креирањето на стратегии за подобрување на додатната настава, училиштето ќе создаде услови за поголема ангажираност и ќе ја зголеми ефикасноста на овие програми.

| |
|---|
| **Силни страни**<br><br>- Училиштето има утврден систем за известување, со јасни насоки кога и како ќе се известува, што се потврдува со позитивните ставови на родителите/старателите во однос на начинот и квалитетот на известувањето. |
| **Слаби страни**<br><br>- Училиштето има јасен распоред и план за реализација на додатна настава, но постои потреба да се подобри мотивацијата кај учениците за ефикасна реализација на истата. |
| **Приоритети**<br><br>- Вклучување на учениците во подготвување на стратегија за поефективно користење на додатната настава според нивните потреби. |

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| **Опис/резиме** |
| Училишниот имиџ и углед е основен приоритет на сите структури во образовната установа. Училиштето се труди да биде препознатливо по своите напори да го одржи високиот квалитет на работа и постигања на нашите ученици во сите области. Имиџот на училиштето, неговата слика како и климата и културата во него се доста позитивни и истите се синоним за училиштето и афирмација за истото на локално, национално и меѓународно ниво. Исто така, во училиштето има истакнати кодекси на однесување, како и куќен ред на кој се придржуваат сите засегнати страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите водат грижа за дисциплината и поведението на учениците. Постојано се води педагошка евиденција и документација, како и записници и извештаи за справување со најразлични ситуации во текот на работата на Стручната служба. Учениците преку ученичкиот парламент учетвуваат во донесувањето на одлуки и решавање на проблеми. Има училишен правобранител и имаат постојани активности според програмата која е доставена за работа. Во училиштето се почитуваат правата на децата и наставниците имаат соодветни активности како наставни така и вонНаставни со што учениците се запознати со детските права и обврски, а исто така и родителите. Во училиштето се воспоставува еднаков третман на сите ученици и се спроведува правичност и еднаквост како и еднаков пристап на сите ученици во училиштето. Училиштето и наставниците имаат постојана и продуктивна соработка со родителите/старателите на учениците и истите се активно вклучени во училишниот живот и во работата на училиштето. Постојано се организираат предавања и се реализираат наставни и вонНаставни активности за превенција и справување со врсничкото насилство. Исто така, во соработка со локалнта средина, надлежни институции се воспоставуваат и организираат работилници, настани и предавања за заштина од дрога, алкохол и пушење, заштита и превенција од заразни болести како и заштита од трговија со деца. Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систамтски прегледи за наставниците и учениците. Педагошко - психолошката служба води постојана евиденција и документација согласно потребите на учениците и постојано комуницира со наставниците и родителите во справувањето со социо-емоционалните проблеми на учениците, водејќи постојана грижа за менталното здравје на учениците. Педагошко – психолошката служба во соработка со учениците, |

| |
|---|
| наставниците и родителите даваат постојана поддршка и насочување на учениците за продолжување на нивното образование. |
| **Силни страни**<br>- Во рамки на училиштето се негува позитивна клима.<br>- Училиштето има изградено препознатлив имиџ во општината и успешна континуирана соработка со локалната заедница, јавните установи и деловен сектор.<br>- Училиштето води политика на взаемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција со цел да се подигне свеста кај учениците за меѓусебна почит, еднаквост и емпатија.<br>- Училиштето има усвоени и јавно истакнати кодекси за однесување со кој се запознаени учениците, наставниците, родителите и сите засегнати страни.<br>- Училиштето има формирано ученички парламент.<br>- Училиштето има избрано ученички правобранител.<br>- Училиштето има соодветна евиденција и документација за дисциплина, однесување, формирање на соодветни тела, учество и донесување на одлуки од страна на учениците.<br>- Училиштето има соработка со локалната средина.<br>- Во училиштето има еднаков и правичен пристап кон сите ученици.<br>- Во училиштето се организират работилници, едукација, наставни и вонnаставни активности за превенција од насилство.<br>- И покрај тоа што во училиштето се организираст предавања - самостојно и во соработка со организации и институции во врска со превенција и заштита од пушење, дрога и алкохол, заштита од трговија со деца и за истите има известувања на ФБ страната на училиштето, сепак мал процент од родителите сматаат дека не се доволно запознаени со мерките кои се преземаат од страна на училиштето околу превенцијата за заштита од алкохол, пушење и дрога.<br>- Училиштето води грижа за учениците и наставниците за нивното здравје, за учениците од социјално загрозените семејства, како и за социо-емоционалната состојба и менталното здравје на учениците.<br>- Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. |
| **Слаби страни**<br>- Недоволна вклученост од страна на родителите во активностите за запознавање со правата на децата, организирани од страна на училиштето.<br>- Недоволна информираност на родителите за мерките кои се преземаат од страна на училиштето околу превенцијата за заштита од алкохол, пушење и дрога.<br>- Иако во рамки на училиштето се организираат и реализираат активности за професионална ориентација за учениците, мал дел од родителите не се доволно запознаени со информациите и поддршката која им се нуди на учениците од завршното одделение при избор на нивното понатамошно образование. |

- Мал дел од наставниот кадар нема учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето.

**Приоритети**

- Изнаоѓање начин за поголемо вклучување на родителите во активностите за запознавање со правата на децата, организирани од страна на училиштето.
- Наоѓање механизми за поголема информираност на родителите за активности кои се спроведуваат во рамки на училиштето, а се од значење за учениците и нивното понатамошно образование.
- Целосна вклученост на наставниот кадар во изработката/ажурирањето на интерни кодекси/докуенти на ниво на училиште.

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме**

ООУ „Ванчо Китанов“ функционира во согласност со законските прописи, наставните планови и календарот за работа донесен од Министерството за образование и наука, при што училиштето навремено ги реализира наставните програми и ги исполнува своите обврски како јавна образовна установа. Наставниците ги изработуваат годишните, тематските планирања како и Планирањата за реализација на наставата согласно програмите на БРО, Националните стандарди и Концепцијата за основно образование, а стручната служба пред почетокот на учебната година врши проверка на документацијата и обезбедува повратна информација и поддршка.

Училиштето обезбедува стабилен и функционален систем на управување и раководење, кој се реализира во согласност со законските регулативи, развојната програма и локалната и државната образовна политика. Податоците од анкетите укажуваат на висока информираност на наставниците за програмските активности, целите на развојната програма и очекуваните резултати, што укажува на транспарентно планирање и навремена комуникација.

Училиштето обезбедува конструктивна соработка помеѓу раководството и наставниот кадар преку редовни состаноци, координации, заедничко планирање и размена на идеи, како формални, така и неформални. Учениците се активно вклучени преку Ученичкиот парламент и преку дискусии на часови и анкети, додека родителите учествуваат преку Совет на родители, редовни и вонредни родителски средби, вклучување во проекти, хуманитарни акции, еко-акции и креативни работилници. Овие модели на соработка создаваат стабилна и партнерска врска меѓу училиштето, семејството и заедницата.

Училиштето континуирано следи наставни часови од страна на директорската и стручната служба, при што наставниците добиваат конструктивна повратна информација со цел унапредување на наставната практика. Наставничкиот кадар е квалификуван и способен да реализира наставни и воннаставни активности во согласност со потребите на учениците, а родителите генерално го препознаваат како компетентен и професионален.

Во делот на ресурсите, училиштето обезбедува навремена набавка на наставни материјали, потрошни средства и нагледни средства, како и функционална библиотека која е достапна за учениците и наставниците. Постојат услови за реализација на современа настава, вклучително и електронски табли/панели, интернет и опременост на кабинетите со инвентар и нагледни средства.

Креирањето на училишната политика се спроведува во партнерство со вклучување на повеќе чинители т.е наставници, раководство, родители и ученици. Иако постои транспарентност, мал дел од наставниците и родителите изразиле недоволна информираност за финансиското работење и за тоа како се трошат средствата од буџетот на училиштето. Дополнително, наставниците укажуваат дека механизмите за признавање на професионалната работа не се целосно систематизирани.

Училиштето е инклузивно и активно обезбедува поддршка за ученици со посебни образовни потреби, кои се интегрирани во редовниот образовен процес и работат според индивидуални образовни планови, еден од нив и со поддршка од образовен асистент. Ова придонесува за социјална интеграција и еднакви образовни можности.

Севкупната анализа покажува дека училиштето има многу добро воспоставен и функционален систем на управување кој развива современи политики и практики, усогласени со европските и националните образовни стандарди и продолжува да се позиционира како модерна институција ориентирана кон напредок, иновации и квалитет.

**Силни страни**

- Управувањето и раководењето со училиштето е стабилно, функционално и усогласено со стратешките цели на институцијата.
- Сместувањето и просторните капацитети се квалитетни и современи; во последните години е направено значително вложување во инфраструктурата, инвентарот, нагледните средства и техничката опременост.
- Директорот има јасна визија за развојот на училиштето, со која се запознаени сите вклучени чинители во воспитно-образовниот процес.
- Наставничкиот кадар е квалификуван, компетентен и способен да ги реализира наставните и вонннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето; родителите и наставниците го препознаваат кадарот како професионален и стручен.
- Целите и политиките на училиштето се усогласени со државната и локалната образовна политика, а наставниците имаат високо ниво на информираност за планираните активности и резултатите од развојната програма.
- Наставниот процес е систематски следен, а наставниците редовно добиваат конструктивна и навремена повратна информација.
- Постои висока достапност на ресурси за наставата, како и континуирана набавка на потрошен материјал, што обезбедува квалитетна реализација на активности.
- Библиотеката е функционална, достапна и позитивно перципирана од страна на наставниците и учениците.
- Се практикува партнерска и демократска соработка меѓу раководството, наставниците, учениците и родителите при донесување одлуки.

**Слаби страни**

- Недоволно формализирани механизми за оддавање признанија и стимулирање на наставниците.

| |
|---|
| - Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот.<br>- Мал дел од наставниците се изјасниле дека училиштето не врши снабдување со сите потребни материјали за реализација на наставните и воннаставните активности, иако тоа се обезбедува.<br>- Мал дел од родителите не се доволно запознаени со одлуките на Училишниот одбор и улогата на Советот на родители во информирањето. |
| **Приоритети**<br><br>- Воспоставување годишни признанија, благодарници или пофалници за наставници со забележителни резултати во наставата, проектите, стручните активности и работата со ученици.<br>- Промовирање на успешни наставни практики преку отворени часови, презентации, училишни настани и внатрешни обуки.<br>- Јавно признавање на успесите (на веб-страница, огласна табла, настани), со цел поттикнување на мотивација и професионален развој.<br>- Создавање култура на позитивно признание, каде редовно ќе се нагласува и вреднува трудот на наставниците како дел од професионалната клима во училиштето.<br>- Откривање на начини на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот.<br>- Зголемување на транспарентноста во работата на Училишниот одбор, со редовно јавно објавување на донесените одлуки и нивното образложение.<br>- Јакнење на улогата на Советот на родители како комуникациска алка меѓу родителите и училиштето, со навремено пренесување информации за планираните активности и развојните цели преку континуирано присуство на состаноци.<br>- Јасно претставување на улогата на Советот на родители при секој родителски состанок и при упис на ученици (информативен флаер или презентација). |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

- ✓ Вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности во училиштето.
- ✓ Креирање постапки за информирање и мотивирање на ученици за учество во активности меѓуетничка интеграција во образованието.
- ✓ Вклучување на учениците во подготвување на стратегија за поефективно користење на додатната настава според нивните потреби.

- ✓ Изнаоѓање начин за поголемо вклучување на родителите во активностите за запознавање со правата на децата, организирани од страна на училиштето.
- ✓ Наоѓање механизми за поголема информираност на родителите за активности кои се спроведуваат во рамки на училиштето, а се од значење за учениците и нивното понатамошно образование.
- ✓ Целосна вклученост на наставниот кадар во изработката/ажурирањето на интерни кодекси/докуенти на ниво на училиште.
- ✓ Воспоставување годишни признанија, благодарници или пофалници за наставници со забележителни резултати во наставата, проектите, стручните активности и работата со ученици.
- ✓ Промовирање на успешни наставни практики преку отворени часови, презентации, училишни настани и внатрешни обуки.
- ✓ Јавно признавање на успесите (на веб-страница, огласна табла, настани), со цел поттикнување на мотивација и професионален развој.
- ✓ Создавање култура на позитивно признание, каде редовно ќе се нагласува и вреднува трудот на наставниците како дел од професионалната клима во училиштето.
- ✓ Откривање на начини на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот.
- ✓ Зголемување на транспарентноста во работата на Училишниот одбор, со редовно јавно објавување на донесените одлуки и нивното образложение.
- ✓

Комисија за спроведување на СЕУ:

Ивана Крчева – психолог

Андријана Мачевска – педагог

Јулија Велковска – наставник во предметна настава

Елизабета Вучковски – наставник во одделенска настава

Елица Јовевска – родител